**ЗАПИСНИК**
**од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.12.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.11.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.11.2023 година.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозвола на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники.
6. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ.
7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ЦЕЗ ФМ од Скопје.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.11.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.11.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозвола на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ. Објасни дека согласно ЗААВМУ во рок од 30 дена од започнување на работата на радиодифузерот, Агенцијата треба да се изврши стручен надзор. При првиот обид на договорениот термин со радиодифузерот немаше кој да ги прими вработените од Агенцијата за да го спроведат стручниот надзор. За да се испочитува законскиот рок, утврден беше дополнителен термин. Во вториот обид е извршен стручен надзор при што беше констатирано дека овој радиодифузер не ги исполнува минималните технички и просторни услови, што значи дека тоа е основа за започнување на постапка за одземање на дозволата.

Раководителот на одделението за информатичка поддршка и технологии м-р Горјан Шекеринов објасни дека заедно со помошник раководителот на Сектор за информатичка поддршка и општи работи м-р Арѓенд Целили, согласно член 30 од ЗААВМУ извршиле стручен надзор за да се проверат техничките и просторните услови на радиодифузерот за емитување на програма. Она што беше констатирано е дека немаше никаква опрема за емитување програма, студиото што беше приложено во техничката документација не соодветствуваше со она што беше затекнато на лице место. Немаше прегради, немаше канцеларија за режија, канцеларија за сервер сала ниту пак опремата што беше наведена во техничката спецификација постоеше. Во таа насока беше побарано од одговорното лице да достави информација односно доказ дека имаат некаква опрема бидејќи во моментот на радиото се емитуваше програма во етерот. Одговорното лице достави само понуда за техничка опрема која соодветствуваше со спецификацијата која ја имаа доставено во Агенцијата, а за програмата објаснила дека се емитува од друго место.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година, поради тоа што техничките и просторните услови на радиодифузерот не се во согласност со понудените технички и просторни услови во постапката за доделување на Дозволата бр.08-333 од 09.10.2023 година, кои се наведени во Образецот бр.2 од Барањето за доделување дозвола.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ги усогласи просторните и технички услови со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на дозволата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година, за повреда на член 30 став 1 од ЗААВМУ, а согласно членот 82 став 1 алинеја 3 и член 83 став 3 од истиот Закон.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци. Објасни дека овој радиодифузер ја врати дозволата бидејќи го смени техничкото средство за пренос на програма односно од дигитален терестријален мултиплекс сега емитува програма преку оператор на јавна комуникациска мрежа бидејќи има нова дозвола за телевизиско емитување. Согласно Законот следен чекор е да се избрише од регистарот на радиодифузери.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, со Дозвола наш Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015 година, продолжена со Одлука, наш Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники. Објасни дека редовниот надзор е реализиран на 7 ноември оваа година со што е констатирано дека не се испочитувани условите за рекламирање и телешопинг. Во повеќе наврати во неколку изданија на играни серијали емитувани во анализираниот ден констатирано е дека радиодифузерот несоодветно ја користи новата рекламна техника, реклама на поделен екран, бидејќи покрива суштински делови од драмското дејствие. Од овие причини се предлага за радиодифузерот да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 10 дена од денот на приемот на решението и потоа ќе се направи контролен надзор за да се види дали го усогласил своето работење со одредбите на членот 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники. Информира дека ТВ Алсат-М испрати појаснување во кое наведува дека се согласуваат со забелешките на АВМУ и известуваат дека веднаш ќе бидат отстранети.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4472/1 од 01.12.2023 година и едногласно заклучи на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники

затоа што на 7 ноември 2023 година, во изданијата на играните серијали „Mos më braktis“, „Çakër-familja e madhe“ и „Vajza ime e vogël“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран што покриваа суштински делови од драмското дејствие.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 2 од Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ. Објасни дека операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и сателитските оператори како што е наведениот ТОТАЛ ТВ имаат обврска да ги реемитуваат сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис. Со надзорот е констатирано дека го реемитува само МРТ1 додека останатите програмски сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ не ги реемитува. Бидејќи прекршокот е повторен повеќе од еднаш во оваа година се предлага поведување на прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4338/1 од 22.11.2023 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“ што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

Точка 7

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ЏЕЗ ФМ од Скопје. Објасни дека планираната промена се однесува на целосно истапување од сопственоста на сегашниот сопственик на оваа радиостаница и пристапување на друго физичко лице. Известувањето е комплетно и уредно, а при проверка во Централен регистар на РСМ лицето кое што треба да биде нов сопственик на радиото се јавува како сопственик, содружник или управител во пет трговски друштва, но ниту едно од нив не е регистрирано за некоја од оние дејности кои се неспоиви со радиодифузната дејност со што би се создала недозволена медиумска концентрација. Во таа насока предлогот е да се донесе Одлука со која ќе се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД Џез ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД Џез ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-4550/7**

**22.12 2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**